# НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА
# ГРАЃАНСКО ПРОЦЕСНО ПРАВО

## I. Податоци за раководителот на предметната програма и предметните наставници

| Име и презиме: | Научен степен и академско звање: |
|---|---|
| Татјана Зороска-Камиловска | Доктор на науки, редовен професор |
| Милка Ракочевиќ | Доктор на науки, доцент |

## II. Податоци за соработниците и другите предавачи на предметната програма

| Име и презиме на соработникот: | Научен степен и академско звање на соработникот: |
|---|---|
| | |
| **Други предавачи (експерти од практиката):** | |

## III. Основни податоци за предметната програма

| | |
|---|---|
| **Назив на предметната програма:**<br>Граѓанско процесно право | |
| **Код на предметната програма:**<br>50837 | **Број на кредити:**<br>8 |
| **Вкупно часови настава:**<br>75 | **Број на страници задолжителна литература:**450 |
| **Студиска година кога се изучува предметната програма**:<br>Трета година | **Семестар во кој се изучува предметната програма:**<br>Шести семестар |

## IV. Опис на предметната програма и клучни зборови (термини)

| Опис на предметната програма |
|---|
| Граѓанското процесно право е гранка на правниот систем што ги опфаќа правните норми со кои се регулира остварувањето на заштитата на правата кои произлегуваат од одредени граѓанско правни односи. Тоа е систем на правни норми со кои се регулираат структурата на граѓанската судска постапка (парнична, вонпарнична и извршна), положбата на процесните субјекти во неа, нивните активности и дејствата што ги произведуваат, како и односите што притоа настануваат меѓу процесните субјекти. Граѓанското процесно право содржи норми за организацијата на судовите кои пружаат заштита на подрачјето на граѓанско правните односи, како и на другите органи и служби кои учествуаат во постапката по граѓанските предмети (организационо граѓанско процесно право) и норми со кои се регулираат претпоставките за преземање на процесни активности, се определуваат нивните правни последици, како и односите кои при нивното преземање се |

| |
|---|
| создаваат меѓу процесните субјекти (функционално граѓанско процесно право). Објаснувањето на поимите и на институтите на граѓанската судска постапка и нивното поврзување во систематска целина е предмет на науката за граѓанско процесно право.<br>Систематската обработка на парничната постапка (парнично право) ги опфаќа: основните начела на парничната постапка, парничните субјекти (суд, странки, трети лица), парничните дејствија, доказите и докажувањето, текот на парничната постапка, постапката пред првостепениот суд и донесувањето пресуда, редовните и вонредните правни лекови, постапката по нив, и посебни парнични постапки.<br>Изучувањето на вонпарничната постапка (вонпарнично право) ги опфаќа: предметот на вонпарничната постапка, специфичностите на вонпарничната постапка во однос на парничната постапка, субјекти на вонпарничната постапка (суд, учесници) и одделни вонпарнични постапки (постапки за уредување на личните состојби, постапки за уредување на семејните односи, постапки за уредување на имотните односи и постапки за правната важност на исправите)<br>Во рамките на извршното право се изучуваат: предметот на извршната постапка, начелата на извршната постапка, субјектите на извршната постапка, извршните исправи, средствата и предметот на извршување, противизвршување, правните средства во извршната постапка, постапките на извршување заради наплата на парично побарување, постапките на извршување заради остварување на непарично побарување, како и постапката на обезбедување |
| **Клучни зборови (термини) за предметната програма** |
| Заштита на правата, парнична постапка, вонпарнична постапка, постапка за извршување и постапка за обезбедување |

## V. Цели и резултати што треба да се постигнат

| **Цели и резултати што треба да се постигнат** |
|---|
| Цел на предметната програма по граѓанско процесно право е да им овозможи на студентите да се стекнат со продлабочени знаења за граѓанското процесно право и со специфични вештини за примена на ова право во практиката.<br>Посебни задачи на оваа програма се:<br>- да ги оспособи студентите самостојно да ги идентификуваат и критички да ги анализираат основните институти на граѓанското процесно право<br>- да развива вештини за примена на стекнатите знаења во практиката во врска со водењето на граѓанско судските постапки<br>За остварување на овие цели и задачи предметната програма по граѓанско процено право ќе ги обработи теоретските аспекти на граѓанското процесно право, а потоа ќе се фокусира на практичната примената на процесноправните норми.<br>По завршувањето на ова предметна програма студентите:<br>- ќе можат самостојно да ги истражуваат институтите на граѓанското процесно право од теориски аспект, начините на нивно нормативно обликување и конкретизација и примената во практиката; и<br>ќе бидат оспособени за преземање одделни процесни дејствија, посебно ќе стекнат знаења за пишување поднесоци. |

## VI. Методологија на предавање

| **Методологија на предавање** |
|---|
| Предавања и интерактивна настава |

## VII. Детална структура на предметната програма

| Недела бр. 1 | број на часови: 5 |
|---|---|
| **Вовед во граѓанското процесно право** | **задолжителна литература:**<br>1.Граѓанско процесно право, книга прва, парнично право, второ изменето и дополнето издание, Скопје, 2012 година, (д-р Арсен Јаневски, д-р Татјана Зороска-Камиловска)<br>2.Закон за парничната постапка (Сл.весник на РМ бр.7/2011-пречистен текст и бр. 124/2015) |

**Детална структура на тематската целина:**

- Основи на заштитата на граѓанските субјективни права (потреба од заштита на правата и облици на заштита)
- Поводи за давање правна заштита во граѓанскоправните односи
- Видови заштита на правата
- Граѓанска постапка и граѓанско процесно право
- Поим, структура и предмет на граѓанската постапка
- Репресивна и превентивна функција на граѓанската постапка
- Меѓусебен однос на граѓанските постапки
- Поим предмет и делови на граѓанското процесно право
- Структура на граѓанското процесно право
- Норми на граѓанското процесно право
- Важење на нормите на граѓанското процесно право
- Извори на граѓанското процесно право

- стр. 3-9, 15- 19, 20-28. 40-57;

| Недела бр. 2 | број на часови: 5 |
|---|---|
| **Тема 1: -Парнична постапка и парнично право**<br>**-Парница**<br>**Tema 2: Основни начела на парничната постапка** | **задолжителна литература:**<br>1. Граѓанско процесно право, книга прва, парнично право, второ изменето и дополнето издание, Скопје, 2012 година, (д-р Арсен Јаневски, д-р Татјана Зороска-Камиловска)<br>2.Закон за парничната постапка (Сл.весник на РМ бр.7/2011-пречистен текст и бр. 124/2015) |

**Детална структура на тематската целина:**

**Основни поими на парничната постапка**

- Поим, предмет и карактеристики на парничната постапка
- Структурални белези на парничната постапка
- Парница (поим за парница и нејзин однос со парничната постапка)
- Процесни претпоставки

**Начела на парничната постапка**

- Поим за начела на парничната постапка
- Начело на диспозиција и начело на официјалност
- Расправно и истражно начело
- Начело на сослушување на странките
- Начело на утврдување на вистината
- Начело на слободна оцена на доказите
- Начело на усност и писменост
- Начело на непосредност

| | |
|---|---|
| - Начело на јавност<br>- Начело на совесно користење на процесните овластувања<br>- Начело на концентрација на постапката и единство на главната расправа<br><br>стр. 65-72, 76-111, 118-127; | |
| **Недела бр. 3** | **број на часови: 5** |
| **Субјекти на парничната постапка** | **задолжителна литература:**<br>1. Граѓанско процесно право, книга прва, парнично право, второ изменето и дополнето издание, Скопје, 2012 година, (д-р Арсен Јаневски, д-р Татјана Зороска-Камиловска)<br>2.Закон за парничната постапка (Сл.весник на РМ бр.7/2011-пречистен текст и бр. 124/2015) |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>- Судот како субјект на парничната постапка<br>- Организација и надлежност на судовите<br>- Видови надлежност (посебно стварна и месна надлежност)<br>- Испитување на надлежноста<br>- Неизменливост на надлежноста<br>- Состав на судот<br>- Вредност на предметот на спорот<br>- Изземање на судиите<br>- Парнични странки<br>- Својства на странките (способност да се биде странка, парнична способност, постулациона спосcобност, процесна легитимација, стварна легитимација)<br><br>стр. 129-133, 135-150, 155-156, 159-173, 189-210; | |
| **Недела бр. 4** | **број на часови: 5** |
| **Субјекти на парничната постапка** | **задолжителна литература:**<br>1.Граѓанско процесно право–парнично право, второ изменето и дополнето издание, Скопје, 2012 година, (д-р Арсен Јаневски, д-р Татјана Зороска- Камиловска)<br>2.Закон за парничната постапка (Сл.весник на РМ бр.7/2011-пречистен текст и бр. 124/2015) |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>- Сопарничарство<br>- Поим и основи на сопарничарството<br>- Видови сопарничарство<br>- Учество на трети лица во парницата<br>- Вмешување<br>- Известување на трето лице за парница<br>- Именување претходник<br>- Застапници на странките<br>- Поим, видови и карактеристики на застапувањето<br>- Законски застапници<br>- Полномошници<br><br>стр. 210-230, 231-237, 240-250; | |

| | |
|---|---|
| | |
| **Недела бр. 5** | **број на часови: 5** |
| **Дејствија и активности низ кои се остваруваат активностите во парницата** | **задолжителна литература:**<br>1. Граѓанско процесно право, книга прва, парнично право, второ изменето и дополнето издание, Скопје, 2012 година, (д-р Арсен Јаневски, д-р Татјана Зороска- Камиловска)<br>2.Закон за парничната постапка (Сл.весник на РМ бр.7/2011-пречистен текст и бр. 124/2015) |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>- Општо за парничните дејствија<br>- Парнични дејствија на странките<br>- Парнични дејствија на судот<br>- Поднесоци<br>- Доставување на писмена<br>- Рокови<br>- Враќање во поранешна состојба<br>- Застои на парничната постапка<br><br>стр. 254-271, 276-290, 294-302; | |
| **Недела бр. 6** | **број на часови: 5** |
| **Дејствија и активности низ кои се остваруваат активностите во парницата** | **задолжителна литература:**<br>1. Граѓанско процесно право, книга прва, парнично право, второ изменето и дополнето издание, Скопје, 2012 година, (д-р Арсен Јаневски, д-р Татјана Зороска-Камиловска)<br>2.Закон за парничната постапка (Сл.весник на РМ бр.7/2011-пречистен текст и бр. 124/2015) |
| **Детална структура на тематската целина:**<br><br>**Докажување и докази**<br>- Предмет на докажување<br>- Што не е предмет на докажување во парничната постапка<br>- Товар на докажување<br>- Доказни средства (видови доказни средства и карактеристики на одделните доказни средства)<br><br>**Други процесни установи**<br>- Судско порамнување<br><br>стр. 307-318, 324-344, 349-354; | |
| **Недела бр. 7** | **број на часови: 5** |
| **Тек на парничната постапка** | **задолжителна литература:**<br>1. Граѓанско процесно право, книга прва, парнично право, второ изменето и дополнето издание, Скопје, 2012 година, (д-р Арсен Јаневски, д-р |

| | |
|---|---|
| | Татјана Зороска-Камиловска)<br>2.Закон за парничната постапка (Сл.весник на РМ бр.7/2011-пречистен текст и бр. 124/2015) |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>- Првостепена постапка - тужба и однесување на тужениот<br>- Поим и содржина на тужбата<br>- Видови тужби (декларaторна, конститутивна и кондемнаторна тужба)<br>- Истакнување на повеќе тужбени барања во една тужба (објективна кумулација)<br>- Дејство на поднесувањето тужба во судот<br>- Преиначување на тужба<br>- Повлекување на тужба и одрекување од тужбеното барање<br>- Дејство на доставувањето на тужбата на тужниот<br>- Однесување на тужениот во парницата<br>- Противтужба<br>- Тек на првостепената постапка<br><br>стр. 369-405, 409-411, 411-422; | |
| **Недела бр. 8** | **број на часови: 5** |
| **Тема 1. Донесување конечна одлука**<br>**Тема 2.Постапка по правните лекови** | **задолжителна литература:**<br>1. Граѓанско процесно право, книга прва, парнично право, второ изменето и дополнето издание, Скопје, 2012 година, (д-р Арсен Јаневски, д-р Татјана Зороска-Камиловска)<br>2.Закон за парничната постапка (Сл.весник на РМ бр.7/2011-пречистен текст и бр. 124/2015) |
| **Детална структура на тематската целина:**<br><br>**Тема 1: Донесување конечна одлука**<br>- Пресуда (поим и видови пресуди)<br>- Решение<br><br>**Тема 2**: **Постапка по правните лекови**<br>- Правни лекови<br>- Редовни правни лекови (жалба против пресуда, жалба против решение)<br>- Вонредни правни лекови (ревизија против пресуда, повторување на постапката)<br><br>стр. 432-448, 453-454, 459-482, 482-493, 494-501; | |
| **Недела бр. 9** | **број на часови: 5** |
| **Вовед во вонпарничната постапка** | **задолжителна литература:**<br>1. Граѓанско процесно право, книга втора, вонпарнично право, Скопје 2010 година, (д-р Арсен Јаневски, д-р Татјана Зороска-Камиловска)<br>2.Закон за вонпарнична постапка (Службен весник на РМ бр.9/2008) |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>- Предмет на вонпарничната постапка<br>- Теории за разграничување на парничната и вонпарничната постапка<br>- Начела специфични само за вонпарничната постапка<br>- Учесници во вонпарничната постапка | |

<table>
<tr><td colspan="2">- Одлуки во вонпарничната постапка<br>- Правни лекови во вонпарничната постапка (редовни и вонредни)<br>- Видови вонпарнични постапки (поделба)</td></tr>
<tr><td>Недела бр. 10</td><td>број на часови: 5</td></tr>
<tr><td>Одделни вонпарнични постапки</td><td>задолжителна литература:<br>11. Граѓанско процесно право, книга втора, вонпарнично право, Скопје 2010 година, (д-р Арсен Јаневски, д-р Татјана Зороска- Камиловска)<br>2.Закон за вонпарнична постапка (Службен весник на РМ бр.9/2008)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Детална структура на тематската целина:<br>- Постапки за уредување на лични односи<br>- Постапки за уредување на семејни односи<br>- Постапки за уредување на имотни состојби<br>- Постапки во врска со правната важност на исправите, чување на исправи во судот и судски депозит</td></tr>
<tr><td>Недела бр. 11</td><td>број на часови: 5</td></tr>
<tr><td>Вовед во постапката за извршување</td><td>задолжителна литература:<br>1.Граѓанско процесно право, книга трета, извршно право, Скопје 2011 (д-р Арсен Јаневски, д-р Татјана Зороска- Камиловска)<br>2. Закон за извршување (Службен весник на РМ бр. 72/2016)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Детална структура на тематската целина:<br>- Предмет на постапката на извршување и видови извршување<br>- Начела специфични само за постапката за извршување<br>- Поведување на постапката<br>- Извршни исправи<br>- Странки и учесници во постапката за извршување<br>- Извршител, заменик на извршителот и помошник на извршителот и нивните овластувања и одговорности<br>- Извршни дејствија<br>- Средства и предмет на извршување<br>- Противизвршување<br>- Одлагање и запирање на извршувањето<br>- Правни лекови во постапката на извршување</td></tr>
<tr><td>Недела бр. 12</td><td>број на часови: 5</td></tr>
<tr><td>Тема 1.Извршување заради намирување<br>Тема 2.Извршување заради обезбедување</td><td>задолжителна литература:<br>1.Граѓанско процесно право, книга трета, извршно право, Скопје 2011 (д-р Арсен Јаневски, д-р Татјана Зороска- Камиловска)<br>2. Закон за извршување (Службен весник на РМ бр. 72/2016)<br>3. Закон за обезбедување на побарувањата (Сл.весник на РМ бр.87/2007 и 31/2016)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Детална структура на тематската целина:<br>- Извршување заради наплата на парично побарување (одделни постапки)<br>- Извршување заради остварување на непарично побарување (одделни постапки)<br>- Основни карактеристики на обезбедувањето на побарувањата (видови средства за обезбедување на побарувањата, поведување на постапка за обезбедување, одлуки во постапката и правни лекови)</td></tr>
</table>

## VIII. Активности на надворешни институции

| Активности на надворешни институции |
|---|
| |

## IX. Литература

| Задолжителна литература |
|---|
| 1. Граѓанско процесно право, книга прва, парнично право, второ изменето и дополнето издание, Скопје, 2012 година, (д-р Арсен Јаневски, д-р Татјана Зороска- Камиловска)<br>2. Закон за парничната постапка (Сл.весник на РМ бр.7/2011- пречистен текст и бр. 124/2015)<br>3. Граѓанско процесно право, книга втора, вонпарнично право, Скопје 2010 година, (д-р Арсен Јаневски, д-р Татјана Зороска- Камиловска)<br>4.Закон за вонпарнична постапка (Службен весник на РМ бр.9/2008)<br>5. Граѓанско процесно право, книга трета, извршно право, Скопје 2011 (д-р Арсен Јаневски, д-р Татјана Зороска- Камиловска)<br>6. Закон за извршување (Службен весник на РМ бр. 72/2016)<br>7. Закон за обезбедување на побарувањата (Сл.весник на РМ бр.87/2007 и 31/2016) |
| **Дополнителна литература** |
| |
| **Начин на оценување:** |
| Континуираното оценување ќе се состои од полагање колоквиум по писмен пат, кој ќе се оценува описно со положил/ не положил<br>Завршниот испит ќе биде писмен и ќе носи вкупно 100 поени. |